# Расправи во тек

**Отворена јавна консултација за Нацрт-препораки за медиумското известување на радиодифузерите за време на референдумот**

**Скопје, 31.07.2018г.** – Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги отвора јавна консултација за текстот на **Нацрт-препораките за медиумското известување на радиодифузерите за време на референдумот.**

Агенцијата ги повикува сите заинтересирани страни, а особено медиумите, со свои конструктивни забелешки и релевантни предлози да учествуваат во јавната консултација, и истите во писмена форма да се достават по електронски пат на **contact@avmu.mk**.

Нацрт-препораките се отворени за јавна консултација до **17 август 2018 година.**

---

**Отворена јавна расправа за Нацрт-Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците**

**Скопје, 27.07.2018г.** – Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги отвора јавна расправа за текстот на **Нацрт-Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците**.

Агенцијата ги повикува сите заинтересирани страни со свои мислења и предлози да учествуваат во јавната расправа, и истите во писмена форма да се достават по електронски пат на **contact@avmu.mk**.

Јавната расправа е отворена **до 27 август 2018 година (понеделник).**